Република Македонија

СУДСКИ СОВЕТ НА
РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Ул. “Македонија“ бр.5, 1000 Скопје | тел.02/3218 130 факс.02/3218 131 | contact@ssrm.mk

Бр.01-451/5
31-10-2018 2018 год.
СКОПЈЕ

# ПРАВИЛНИК
## ЗА ИЗМЕНА И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА СИСТЕМАТИЗАЦИЈА НА РАБОТНИТЕ МЕСТА ВО СУДСКИОТ СОВЕТ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 17 од Законот за вработените во јавниот сектор (“Службен весник на Република Македонија“ бр.27/2014, 199/2014, 27/2016 и 35/2018), во врска со член 31 алинеја 16 од Законот за Судскиот совет на Република Македонија (“Службен весник на Република Македонија“ бр.60/2006, 150/2010, 100/2011, 20/2015, 61/2015, 197/2017 и 83/2018), Претседателот на Судскиот совет на Република Македонија донесува

# ПРАВИЛНИК
## ЗА ИЗМЕНА И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА СИСТЕМАТИЗАЦИЈА НА РАБОТНИТЕ МЕСТА ВО СУДСКИОТ СОВЕТ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Член 1

Со овој Правилник се вршат измени и дополнувања на Правилникот за систематизација на работните места во Судскиот совет на Република Македонија бр.01-1156/2 од 01.07.2016 година и бр.01-1592/1 од 24.11.2017 година и тоа:

Во глава IV – Опис на работните места во Судскиот совет на Република Македонија, кај работното место под реден број 2 - Државен советник за студиско аналитички и документациони работи, шифра УПР0101Б01000, ниво Б1, во описот на работни задачи и обврски, после 1-та алинеја се додава алинеја 2, која

гласи: „ги проучува, анализира, дава свое мислење, ги проследува по електронски пат во ЈКИМИС системот и постапува по претставките и поплаките на граѓаните и правните лица за работата на судиите, претседателите на судовите и судовите“. Останатите алинеи 3,4,5,6,7,8, 9 и 10 се поместуваат за една нанапред како алинеи 4,5,6,7,8,9,10 и 11.

Во глава IV – Опис на работните места во Судскиот совет на Република Македонија, кај работното место под реден број 10 - Помлад соработник за обработка на прегледи и материјали, шифра УПР0101В04000, ниво В4, во описот на работни задачи и обврски, после 2-та алинеја се додава алинеја 3, која гласи: „ги проучува, анализира, дава свое мислење, ги проследува по електронски пат во ЈКИМИС системот и постапува по претставките и поплаките на граѓаните и правните лица за работата на судиите, претседателите на судовите и судовите“. Останатите алинеи 4, 5 и 6 се поместуваат за една нанапред како алинеи 5, 6 и 7.

Член 2

Овој правилник влегува во сила со објавувањето на огласната табла и на ВЕБ страната на Судскиот совет на Република Македонија, а ќе се објави и применува по добивањето писмена согласност од Министерството за информатичко општество и администрација.

**СУДСКИ СОВЕТ**
**НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ,**
**Зоран Караџовски**

Изготвил; Весна Толева
Одобрил; Анита Андоноска